Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 4, 10 декември 2007 година

декември 2007
Штип

СОДРЖИНА

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за учебникот "Енергетски ресурси" поднесен од авторите проф. д-р Панде Лазаров и проф д-р Тодор Серафимовски од Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 3

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Земјоделско машинство на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 8

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Растителна биотехнологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 12

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 16

РЕФЕРАТ за избор на соработник за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 18

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 20

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 25

РЕФЕРАТ за избор на соработници за областа информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 29

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област психологија на образование и воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 33

РЕФЕРАТ за избор на помлад соработник за научната област Биологија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 35

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Педагогија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 37

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Математика на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 43

РЕФЕРАТ за избор на соработници во научната област Рударство на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 45

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област Банкарство и финансии на Економскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 49

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. др. Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл.правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ - ПЕДАГОГИЈА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

По распишаниот конкурс објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ од 2.11.2007 година, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип на Четвртата редовна седница, одржана 23.11.2007 година, нé избра за Рецензентска комисија за изготвување и поднесување на писмен реферат за избор на **соработник за научната област педагогија**.

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет за укажаната доверба го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на соработник за научната област педагогија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се пријавија следниве кандидати: Ефремова Александра, Ѓорѓиоска Елена, Панова Марија, Костадинов Игор, Данаилова Цветанка, Серафимова Мимоза, Ристова Ивана, Камчева-Панова Лидија, Милева Габриела, Постолова Кристина, Стефанов Сашо, Митевска-Попеска Билјана, Колевски Филип, Драскачева Ѓоргина и Сивевска Деспина.

**Ефремова Александра** е родена на 30.8.1978 година во Штип. Основно и средно образование завршила во Штип. Со звањето дипломиран професор – воспитувач се стекнува на 21.2.2002 година, со просечен успех 8,03. Се користи со англискиот јазик и работи со компјутер.

**Ѓорѓиоска Елена** е родена на 28.4.1982 година во Штип. Основно училиште со континуиран одличен успех завршила во ОУ „Кирил и Методиј“ во Штип. Средно училиште завршила со одличен успех во ДСУ „Славчо Стојменски“ во Штип. На Педагошкиот факултет во Штип се запишала во учебната 2000/2001 година, како редовен студент. Студиите ги завршила со просечен успех 9,06 на Отсекот за одделенска настава.

**Панова Марија** е родена на 29.1.1984 во Штип. Општа гимназија завршува со просек 5,00 во родното место. Педагошки факултет, насока - Одделенска настава со просек 9,00 завршува на 12.10.2006 година. Добро ги познава англискиот, српскиот и хрватскиот јазик. Работи со компјутер. Како студент е учесник на семинарот организирани од страна на УСАИД во програмата „*Методи и техники во настава*“ (2005).

**Костадинов Игор** е роден на 5.2.1981 година во Прилеп. Завршил средно училиште во ДСУ„Славчо Стојменски“, со просек 5,0. Дипломирал на Педагошкиот факултет во Штип, со просек 9,03 и се стекнал со звањето дипломиран професор по одделенска настава. Прогласен е за најдобар студент за генерацијата 2005/2006. Во моментот е студент на Модулот по англиски јазик при Педагошкиот факултет во Штип. Има одлични познавање од работа со компјутери и од англиски јазик.

**Данаилова Цветанка** е родена на 29. 3. 1979 во Штип. Завршила средно училиште во ДСУ „Славчо Стојменски“–Штип. Со титулата дипломиран професор по одделенска настава се стекнала на Педагошки факултет во 2001 година. Посетувала курс по компјутери и се служи со англискиот, српскиот и германскиот јазик. Има работно искуство како наставник во ОУ „Ванчо Прке“ - Штип и „Страшо Пинџур“ – Карбинци.

**Серафимова Мимоза** е родена на 24.1.1962 год. во Прилеп. Работи како одделенски наставник во ОУ„Видое Подгорец" - Струмица. Завршила Педагошки факултет во Битола. Со звањето магистер по менаџмент во образование се стекнува на 2.10.2007 година. Има богато искуство со учество во проекти: *Современи и креативни методи и техники на учење и осовременување на наставата; Односи со јавноста; Работа во училиштен тим; Примена на компјутерите и Интернетот во редовната настава; Обука за обучувачи; Основи на демократија и Обука за фасилитатори.* Се јавува како рецензент на учебници по музичко образование за I и II одделение и методски прирачник за наставници за I и II одделение. Таа е активен рецензент на збирка задачи по математика за IV одделение.

Ги има објавено следниве стручни и научни трудови:

- „*Моделот на интегрална евалвација на училиштата како основа за инспекторирање*" - Стручно списание *„Воспитни крстопати"* бр. 107, 2006 год.;
- „*Менторството како неопходен процес во образованието"* -Стручно списание *"Воспитни крстопати"* бр. 111-112, 2007 год.;
- *„Комуникацијата и нејзиното значење во воспитно-образовниот процес"* - Стручно списание *„Воспитни крстопати"* бр. 114, 2007 год.;
- „*Значењето на евалвацијата на трансферот на обуките за подобрувањето на квалитетот на наставата во училиштата"* – Стручно списание *„Воспитни крстопати"* - бр. 116, 2007 год.

**Ристова Ивана** е родена на 27. 5. 1982 во Штип. Средно образование завршила во ДСУ „Славчо Стојменски" - Штип. Дипломирала на Отсекот по одделенска настава на Педагошки факултет во Штип, со просек 7,46. Во 2006 г. се запишала на постдипломски студии на институтот по Педагогија на Филозофски факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Има работно искуство со повремена замена на отсутен наставник во ОУ „ Ванчо Прке" – Штип. Учествувала во проектот „*Основи на демократијата на граѓанско право*" и во проектот „*Креативна настава*" (Со читање и пишување до критичко мислење). Се користи со англискиот јазик и работи на компјутер.

**Камчева-Панова Лидија** е родена на 30.3.1977 во Штип. Основно образование завршила 1991, а гимназија во ДСУ „Славчо Стојменски" во 1995 година. На Педагошкиот факултет се запишала 1995, а со звањето професор по одделенска настава се стекнала 1999, со просечен успех 9,13. Во 2004 се запишала на постдипломски студии на Филозофски факултет, Институт за педагогија и има положено три испити. Има солидно познавање од комјутери и англиски јазик.

Објавени трудови:

„*Правење на вообичаени и креативни наслови за содржина на стихотворба"*-труд во Практикум по *„Методика на воспитно-образовна работа со надарени деца"* од проф. Владимир Михајловски-1999 г.;

*„Истражувачка работа за идентификација на надарени деца во ОУ 'Ванчо Прке' - Штип"* -труд во Практикум по *„Методика на воспитно-образовна работа со надарени деца"* од проф. Владимир Михајловски-1999 г.;

„*Избор на погодни поговорки и гатанки за непосредна реализација на наставните часови по Македонски јазик и Природа и општество со учениците од I до IV одделение"*-труд во Практикум по *„Методика на воспитно-образовна работа со надарени деца"* од проф. Владимир Михајловски-1999 г.;

*„Избор на вообичаени и креативни наслови за содржина на приказна"*-труд во Методски практикум за поттикнување на надареноста кај учениците во одделенска настава во РМ - 2002 г.;

„*Проект-Граѓанско образование"*- Зборник на Граѓанска асоцијација на учители, Штип, 2006.

Член е на Граѓанската асоцијација на учители на РМ – Штип.

**Милева Габриела** е родена на 31.5.1983 година во Штип. Основно и средно образование завршила во Штип. Во 2005 година дипломирала на ШУ „Еп. Константин Преславски“, Шумен - Р. Бугарија и се стекнала со звањето дипломиран педагог, група Социјална педагогија со социјална администрација.

Има познавање од англиски јазик и компјутери.

**Постолова Кристина** е родена на 4.4.1979 во Штип. Средно образование завршила во ДСУ „Славчо Стојменски“- Штип, природно-математичка насока, со просек 4,71. Во 2002 г. дипломирала на Педагошкиот факлутет во Штип на Отсек одделенска настава, со просек 8,90. Во 2007 г. се запишала на постдипломски студии на Економски факултет Отсек-МВА менаџмент при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Ги познава англискиот и францускиот јазик. Волонтерски изведувала практична настава со ученици од прво до четврто одделение.

**Стефанов Сашо** е роден на 2.11.1980 година во Штип. Во ОСМУ „Јане Сандански“ - Штип завршил на насоката забен техничар, со просек 5.0. Се запишал на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Факултет за физичка култура и го завршил со просек 8.06 на ден 29.6. 2005 г. и се стекнал со титулата дипломиран професор по физичка култура. Добро ги владее англискиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик, Како студент има учествувано во повеќе проекти и истражувања. Како апсолвент на ФФК бил надворешен соработник на советот на експерти - СОНТ (Спорт, образование, наука и туризам).

Бил вклучен во научноистражувачки проекти од областа на спортот и физичкото образование:

Селекција на млади и талентирани спортисти во фудбал; Селекција на млади и талентирани спортисти во борење; Мерила и критериуми за програмиран тренинг и настава по физичко и здравствено образование; Проверка, следење и утврдување на ефектите од имплементацијата на стандардите на НАТО, за прогресивен развој на армискиот состав; Физичкото образование и училишниот спорт во функција на отстранување на телесните деформитети кај училишната младина; Градење доверба и толерантни односи меѓу различните етнички заедници преку едукација на младите во образованието, културата и спортот во РМ.

**Митевска-Попеска Билјана** е родена на 24. 10. 1981 година во Велес.

Завршила Факултет за физичка култура во Скопје на 26.11.2004 г., со просечен успех 9,58 и се здобила со звањето професор по физичка култура. На Филозофски факултет - Скопје, Институт за педагогија дипломирала на 13.2.2007 г., со просечен успех 9,10. Запишала постдипломски студии на Факултетот за физичка култура – Скопје во 2005 г. и има положено четири испити. Солидно го познава англискиот јазик. Има компјутерски знаења од: MS Office (Word, Power Point, Exce1) и Интернет. Има учествувано на симпозиуми и стручно-научни собири организирани од федерацијата на спортски педагози на Македонија, Центарот за физичка култура и Федерацијата на училиштен спорт на Македонија.

Има добиено пофалница и награда за најдобар дипломиран студент на Факултетот за физичка култура во Скопје во учебната 2004/2005 година. Во периодот од 2004 до 2006 г. е ангажирана на Факултетот за физичка култура, како демонстратор на предметите *Педагогија* и *Рекреација* (*аеробик*). Во учебната 2005/2006 година е ангажирана на Педагошкиот факултет во Скопје во практичната реализација на наставата по предметот *Методика на физичкото воспитание*. Во учебната 2006/2007 година од страна на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, Институт за педагогија, е ангажирана како демонстратор на предметот *Дидактика на математичко и природно - научно подрачје*.

***Објавени трудови***

Митевска, Б. (2005). *Аеробикот како средство за остварување на целите и задачите на часот по физичко образование, спорт и спортски активности*. Прв меѓународен симпозиум за наставата по физичко обрзование и спорт на студентите. Зборник на трудови.

Митевски, О., Митевска, Б. (2005). *Споредбена анализа на факторските структурии промените во латентниот моторички простор кај учениците од машки пол во возрасниот период од 11 до 12 години.* Прв меѓународен симпозиум за наставата по физичко образование и спорт на студентите. Зборник на трудови.

Митевска, Б., Рајчиноски, Г. (2004). *Компаративна анализа на разликите во аритметичките средини на антропометриски мерки меѓу ученици и ученички на 11-годишна возраст (петто одделение)*. Физичка култура.

Рајчиноски, Г., Митевска, Б. (2004). *Компаративна анализа на разликите на аритметичките средини на моторичките тестови меѓу ученици и ученички од петто одделсние*. Физичка култура.

Митевска, Б. (2006). *Педагошката работа на тренерот со спортисти-почетници.* Федерација иа училиштен спорт, Зборник иа трудови.

Митевска, Б. (2006). *Примена на елементите од структурата на телесната вежба при одредување на оптоварувањето на часот по аеробик со хетерогени групи*. Федерација на училиштен спорт. Зборник на трудови.

Митевска, Б., Спасовска. К (2006). *Споредба на добиените разлики од резултатите од моторичките тестови кај ученичките на 11 и 12-годишна возраст*. Федерација на училиштен спорт, Зборник на трудови.

Митевска, Б., Митевски, О. (2006). *Утврдување на факторската структура, промените и идентичноста на латентната структура во морфолошкиот простор кај ученичките на 11 и 12-годишна возраст.* Федерација на училиштен спорт, Зборник на трудови.

Спасовска, К., Митевска, Б. (2006). *Компаративна анализа на добиените резултати од просечните вредности на применетите моторички тестови кај учениците од петто и шесто одделение.* Федерација на училиштен спорт, Зборник на трудови.

Митевска, Б. (2006). *Предизвиците во образованието, оспособувањето и усовршувањето на воспитувачките и наставничките кадри*. Педагошка практика.

Клинчаров, И., Митевска, Б. (2006). *Физичкиот развој и развојот на движечките вештини кај децата од предучилишна возраст*. Педагошка практика.

Митевска, Б. (2006) *Образовните потреби на надарените ученици и можноста за нивното задоволување преку различни наставни форми во воспитно-образовната практика*. Педагошка практика.

Митевска, Б. (2007). *Улогата и значењето на воспитувачот, наставникот во процесот на едукацијата*. Педагошка практика.

Митевска, Б. (2007). *Слободното време и слободните ученички активности.* Педагошка практика.

Митевска, Б. (2007). *Надареност и идентификација на надареност*. Педагошка практика.

Митевски, О., Митевска - Попеска, Б. (2007). *Примена на дидактичкиот принципи на систематичност и постапност во процесот на учење и усовршување на гимнастичкиот елемент премет напред на партер*. Федерација на училиштен спорт. Зборник на трудови.

Митевска - Попеска, Б., Митевски, О. (2007). *Ефикасноста на процесот на учење на телесните движења во зависност од примената на дидактичкиот принцип на систематичност и постапност.* Федерација на училиштен спорт. Зборник на трудови.

Митевска - Попеска, Б., Митевска, К. (2007). *Методски аспекти на реализација на*

*игрите во воспитно-образовната работа*. Федерација на училиштен спорт. Зборник на трудови.

**Колевски Филип** е роден на 13.5.1983 во Куманово. Основно образование завршил во ОУ „Крсте Мисирков“ во Куманово. Средно образование завршил во ДСУ„Гоце Делчев“, природно-математичка насока, со просек 5,00 (генерација 1998-2002). Факултет за физичка култура - Скопје, Отсек спорт, насока Атлетика, запишан во 2002, а дипломирал во 2006, со просек 9,62, и бил прогласен за студент на генерацијата.

Во основното и средното образование е носител на повеќе признанија и награди на општинско и регионално ниво од училишните предмети: Македонски јазик, Математика, Историја, Географија, Физичко воспитание. Тој е многукратен државен првак (јуниорски и сениорски) на Република Македонија во различни дисциплини во атлетика (крос, 400 метри, 800 метри, 1500 метри ) и повеќегодишен репрезентативец на Македонија (од 1999 до 2007 учествувал на сите меѓународни натпревари во атлетската репрезентација на РМ).

Над 50 успеси (освоени медали, пехари, дипломи) на државните натпревари - поединечни и клупски првенства во Р. Македонија и преку 30 учества на разни меѓународни натпревари (Балкански првенства во атлетика Европски куп во атлетика). Спортист на градот Куманово во 2000 и 2001 година. Се натпреварувал за клубовите АК "Куманово" од Куманово (1999-2001), ПАК "7 Мај" од Скопје (2002 -2007) на Државните атлетски купови на РМ и за "Хамер" ХВ Трјавна (2006) од Бугарија на Бугарското државно првенство.

Говори англиски јазик и знае да работи на компјутер.

**Драскачева Ѓоргина** е родена на 9.6.1979 во Велес. Во 1998 година завршила средно економско училиште „Ј. Тесличков“ во Велес. На Педагошки факултет во Штип на насоката Одделенска настава дипломира во 2002, со просечен успех 9,00. Прогласена е за најдобар студент на генерацијата. Се запишала на постдипломски студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје на дидактичко-методска насока. Магистерскиот труд под наслов: „*Планирање и програмирање на воспитно-образовниот процес во реформираното гимназиско образование*“ го одбранила на 30.10.2007 г. и се стекнала со научен степен магистер по педагошки науки.

Познава англиски, француски и грчки јазик. Работи на компјутер.

**Сивевска Деспина** (родена Бошкова) е родена на 12.3.1978 во Штип. Средно образование завршила во 1995 УМЦ „Јане Сандански“-Штип. Во 1999 завршила Педагошки факултет во Штип и се стекнала со звање дипломиран професор по одделенска настава. На постдипломски студии на Филозофски факултет - Скопје на Институтот по педагогија за запишала во 2000 год. На 24.10.2007 г. го одбрани магистерскиот труд под наслов „*Јавната и културната дејност и мултикултурализмот*“ и се здобила со научен степен магистер по педагошки науки. Владее со англиски и руски јазик. Работи на компјутер. Од септември 2006 г. работи како референт за студентски прашања во дисперзираната паралелка на Факултетот за електротехника и информатичка технологија (ФЕИТ) во Штип.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложените податоци и конкретните потреби на Педагошкиот факултет, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека станува збор за многу солидни кандидати. Од листата на пријавени ги издвојуваме следниве кандидати:

Бошкова Деспина има завршено Педагошки факултет (Одделенска настава) и магистрирано на Институтот по педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Имаме чест на Наставно - научниот совет да му предложиме да ја избере кандидатката за соработник во звањето асистент.

Митевска-Попеска Билјана има завршено Филозофски факултет, Институт по педагогија и Факултет за физичка култура, на кој ги има положено испитите. Кандидатката има објавено поголем број трудови од областа на педагогијата и од областа на физичката култура.

Имаме чест на Наставно - научниот совет да му предложиме да ја избере кандидатката за соработник во звањето **помлад асистент за научната област – педагогија**.

.

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, с.р.**

**Д-р Снежана Мирасчиева, с.р.**

**Доц. д-р Марија Ташева, с.р.**